ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

ИН-ПУМА

URBAN PLANNING, TRAFFIC AND ENVIRONMENTAL INSTITUTE

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СО НАМЕНА А4.3 – ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 1787/1, КО МИСЛЕШЕВО

ОПШТИНА СТРУГА

СКОПЈЕ, Септември 2025

СОДРЖИНА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ 4

ГРАФИЧКИ ДЕЛ....7

ПРИЛОЗИ 7

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ 8

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА.... 9

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 9

1. ВОВЕД....9

2. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ....9

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА (ВО РАДИУС ОД 100м), ДОКОЛКУ ТАКОВ ПОСТОИ.... 10

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ, КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ 10

4.1. ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ.... 10

4.2. ГЕОЛОШКИ И ГЕОМЕХАНИЧКИ КАРКТЕРИСТИКИ.... 11

4.3. СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ 11

4.4. КЛИМАТОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ 11

4.5. ХИДРОГРАФСКИ И ХИДРОЛОШКИ ПОДАТОЦИ.... 11

4.6. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ЗАШТИТЕНИ ЕКОСИСТЕМИ.... 13

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ.... 14

5.1. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ.... 14

5.2. ЕКОНОМСКИ И СТОПАНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ 14

5.3.СООБРАЌАЈНИ КАРАКТЕРИСТИКИ.... 15

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ 16

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО 17

8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ 18

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ 18

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 19

ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА 20

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА 21

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ 21

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА 21

1.1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ 22

1.2. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ 23

1.3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРА 24

2. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ 25

2.1 ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВААТ ВО ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА 25

2.2 ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА 25

2.3 ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА 25

2.4. ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ 26

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПАРЦЕЛАЦИЈАТА 27

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ 28

5. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ 31

Градежна парцела 1.1 31

Градежна парцела 1.2 32

Градежна парцела 1.3 32

Градежна парцела 1.4 33

Градежна парцела 1.5 34

Градежна парцела 1.6 34

Градежна парцела 1.7 35

Градежна парцела 1.8 36

Градежна парцела 1.9 36

Градежна парцела 1.10 37

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА 38

6.1. Мерки за заштита и спасување 38

6.2 Засолнување 38

6.3. Заштита и спасување од поплави 39

6.4. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи 39

6.5 Заштита и спасување од урнатини 40

6.6 Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност 41

6.7 заштита на културно наследство 41

6.8 Мерки за озеленување на населбите и нивната околина и други плански одредби и мерки за остварување на целите на генералниот урбанистички план што произлегуваат од доставените податоци 42

6.9 Мерки за заштита и спасување од природни непогоди (земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, пожари и други) 42

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ 44

ГРАФИЧКИ ДЕЛ 45

ГРАФИЧКИ ДЕЛ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ.....
2. ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ.....
3. САТЕЛИТСКА СНИМКА.....
4. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА 1:250
5. КАРТА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ОДНОСНО ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ 1:250
6. КАРТА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ 1:250

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ И НАМЕНА НА ГРАДБИТЕ 1:250
2. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ВНАТРЕШЕН И СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ И ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ 1:250
3. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ СО ПРИКЛУЧНИ ТОЧКИ ЗА СИТЕ ВОДОВИ И ГРАДБИ НА ИНФРАСТРУКТУРА 1:250

ПРИЛОЗИ

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА
2. ГЕОДЕТСКИ ЕЛАБОРАТ
3. УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

1. ВОВЕД

Со изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1787/1, КО Мислешево, Општина Струга се обезбедуваат услови за планирање на просторот за градба, која ќе биде реализирана од страна на корисниците на земјиштето.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, број 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 222/24 , 40/25, 101/25 и 127/25), Законот за урбано зеленило (Сл. весник на РМ бр. 11/18 и 42/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25 и 143/25)

Целта на изработка на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена **А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување** е да се дефинираат услови за изградба на објекти, притоа водејќи сметка во предложеното урбанистичко решение да се обезбедат хумани услови за уредување на просторот.

Општ метод на работа при изработка на урбанистичка проектна документација претставува почитување и примена на низа норми и определби кои се последица на научни сознанија во областа на планирањето и урбанизмот, степенот на економско-општествениот развој на локалитетот, како и сознанија за неговиот иден развој.

2. ПОВРШИНА И ОПИС НА ГРАНИЦИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ СО ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА НЕГОВОТО ПОДРАЧЈЕ

Предметниот локалитет се наоѓа на територијата на Општината Струга, во КО Мислешево. Планскиот опфат ја опфаќа КП1787/1.

Границата на планскиот опфат е прикажана во графичките прилози и е дефинирана со следниве координати на прекршните точки:

Површина: 3795.94m2
Периметар: 357.78 m

T1	X=7474949.4300	Y=4560295.9400
T2	X=7474943.0400	Y=4560336.0200
T3	X=7474935.4300	Y=4560392.4300
T4	X=7474927.9600	Y=4560435.5000
T5	X=7474915.8600	Y=4560435.8400
T6	X=7474903.8400	Y=4560432.5900
T7	X=7474908.4700	Y=4560403.5900
T8	X=7474913.6300	Y=4560366.2800
T9	X=7474920.2200	Y=4560324.9900
T10	X=7474926.6700	Y=4560294.3500
T11	X=7474928.7700	Y=4560280.7200
T12	X=7474929.0200	Y=4560279.7400
T13	X=7474950.2800	Y=4560280.1800

Границите на проектниот опфат се прикажани во графичкиот дел на оваа проектна програма. Површината на проектниот опфат изнесува 3795.94 m², односно 0.37 ha.

3. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО И УРЕДУВАЊЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО ВО БЛИЗИНА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ И НЕГОВАТА НЕПОСРЕДНА ОКОЛИНА (ВО РАДИУС ОД 100М), ДОКОЛКУ ТАКОВ ПОСТОИ

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување, не бил предмет на планирање и уредување во минатото и како таков е опфатен со Просторниот план на Република Македонија, донесен на 11.06.2004год. од Собранието на Република Македонија.

Следствено, локацијата која е предмет на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план е покриена со Услови за планирање на просторот за изградба на објект со намена **А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување**, КО Мислешево, Општина Струга, со технички бр. Y28213 од март 2014 година, за кои е издадено **Решение за Услови за планирање од Министерството за животна средина и просторно планирање** со бр.15 3756/2 од 03.04.2014 година.

Исто така предметниот проектен опфат се граничи со Општ Акт за село Мислешево донесен со одлука бр. 08-3222/20 од 26.09.2017година

Условите за планирање се базираат исклучиво врз Просторниот план на РМ и се прилог во оваа документација.

4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ, КОИ МОЖАТ ДА ВЛИЈААТ НА ПОДРАЧЈЕТО ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, НА ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА И НА НИВНОТО СПРОВЕДУВАЊЕ

4.1. ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Проектниот опфат кој е предмет на разработка за формирање на градежни парцели со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП1787/1, КО

Мислешево, се наоѓа во непосредна близина на градот Струга со 2км одалеченост. Надморска височина на селото Мислешево изнесува 700м и претставува едно од наголемите села во Струшко Поле.

4.2. ГЕОЛОШКИ И ГЕОМЕХАНИЧКИ КАРКТЕРИСТИКИ

Рељефот на Охридско-Струшкото поле преставува тектонска депресија настаната со херциенска аерогенеза. Теренот е изграден од езерски и барски седименти со плеистоценска старост. Врз основа на хидрогеолошки дупчења утврдено е дека длабочината на овие седименти се движи од 20-30м и истите се преставени со чакал, песок-муљ, различни глини и тресет, кои во наслаги и слоеви се сменуваат бочно и вертикално. Овие карпести комплекси според инжињерско-геолошките карактеристики преставуваат неврзани карпи.

Геомеханички карактеристики Подрачјето во поглед на геомеханичките карактеристики се карактеризира со доста сложена тектоника и во најголем дел припаѓа на Шарскопелистерската зона.

4.3. СЕИЗМИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Предметната локација припаѓа на зона во која постојано биле присутни интензивни промени во напоснката состојба на земјината кора и интензивни тектонски движења. Современата тектонска активност претставува продолжение на осцилаторните движења на поедини блокови меѓусебно поврзани, која активност и денес се чувствува низ почестата сеизмичка активност на поедини делови одс ова подрачје.

Долината на река Црн Дрим и Охридското Езеро со крајбрежјето се смета за еден од сеизмички најактивните региони на Блаканот, а интензитетот на максимално очекуваните потреси е до 8 степени МКС.

4.4. КЛИМАТОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Климата во ова подрачје е изменето контитнентална, модифицирана во посебна клима на локалното подрачје условена од присуството на езерото.Температурите се поконстантни со мали колебања и осцилации порадишто летата се пријатни и топли со свежи ноќи, а зимите се студени , но слабо изразени. Есента е значително потопла од пролетта, а релативната влажност е зголемена и преку цела година изнесува околу 74%.

Во зима ветроците се најчесто од север, а во лето од југ со максимална јачина од 12 бофори, а честотата на ветровите е: од север 133% од југ 132%, од североисток 109% од југозапад 93% и северозапад 78%. Од останатите правци , честотата на ветровите е незначителна.

Просечната годишна температура во регионот изнесува 11.4С , а апсолутно минималната -20С. Просечната годишна колишина на врнежи изнесува 788,5мм првиот снег се јавува кон 15 Декември, а снежната покривка се задржува просечно 24 дена, бројот на мразни денови е 144. Просечно годишно има 4 дена со магла и 15 денови со град. Просечно годишно има 103 ведри денови, 174 облачни и 88 тмурни денови.

4.5. ХИДРОГРАФСКИ И ХИДРОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

Согласно Просторниот план на Р.Македонија планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите
области на живеење. Во развојот на водостопанството и водостопанската инфраструктура мора да се запази концептот на одржлив развој кој е насочен кон рационално користење на водата. Стратегијата за користење и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р.Македонија е земја сиромашна совода. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за
реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и за заштитата на живиот свет.

Со Просторниот план на Република Македонија на територијата на Републиката дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко Радовишко", "Охридско - Струшко" и

"Дебарско". Оваа поделба овозможува пореално да се согледаат расположивите и потребните количини на вода за одреден регион.

Селото Мислешево, општина Струга, припаѓа на водостопанското подрачје "Охридско - Струшко" кое го опфаќа сливот на Охридското Езеро и сливот на реката Црн Дрим од истекот од Охридското Езеро до акумулацијата "Глобочица".

Во Република Македонија регистрирани се вкупно 4.414 извори од кои со штедрост над 100 л/сек регистрирани се 58. Во сливот на Црн Дрим со Охридско Езеро регистрирани се 7 значајни извори, меѓу кои изворите Св. Наум со штедрост од над 10 м3/сек и Вевчанскиот Извор со штедрост од над 1,5 м3/сек.

Основна цел во развојот на водостопанството согласно Просторниот план на Република Македонија е континуирано обезбедување на квалитетна вода, за водоснабдување на населението и прехранбената индустрија.

Градот Струга и уште 22 села меѓу кои и селото Мислешево се снабдуваат преку Струшкиот водоснабдителен систем. За овој водоснабдителен систем се зафаќаат водите од изворите: Шум, Горна Белица, Радолишта, Радожда, Треска и Ташморуништа.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за селото потребна е примена на мерки кои ќе овозможат континуирано и квалитетно водоснабдување преку:

- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Проширување на водоснабдителната мрежа согласно со ширење на селото;
- Намалување на загубите на вода со нејзино рационално користење;
- Штедење на водата преку нејзино рационално користење и модернизација на системот за водоснабдување. Водата треба да се третира како производ кој има своја економска цена како и сите други производи.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на водите. Од 1988 год. во функција е колекторскиот систем за заштита на Охридско Езеро од комунални отпадни води. Системот за заштита на Охридско Езеро се состои од: фекални канализациски мрежи во населените места, примарен колектор околу Езерото и пречистителна станица.

Пречистителната станица со капацитет од 120.000 ЕЖ се наоѓа во село Ложани. Пречистените отпадни води се испуштаат во реката Црн Дрим.

За целосна заштита на Охридското Езеро од отпадните води предвидено е во планскиот период на примарниот колектор да се приклучат уште 37 села и проширување на капацитетот на пречистителната станица од 120.000 на 180.000 ЕЖ. На овој систем се предвидува да се приклучи и селото Мислешево.

Доколку во границите на планскиот опфат на селото постојат стопански капацитети кои од технолошкиот процес испуштаат отпадни води кои поради својот квалитет може да го оневозможат функционирањето на пречистителната станица за отпадни води или да предизвикаат проблеми во функционирањето на канализациската мрежа, стопанскиот субјект мора да изврши предтретман на отпадните води пред да ги испушти во канализациска мрежа на селото.

Струшко Поле се карактеризира со високото ниво на подземни води и водотеци кои се изразито ерозивни и носат големи количини на наноси. Регулираното корито на реката Црн Дрим овозможува голем степен на заштита од поплави.

Заштитата на Струшко Поле од поплави може да се подобри со континуирано одржување на коритата на површинските водотеци и на каналите за одводнување во добра оперативна состојба, санација на деградираните делници од каналите за одводнување, чистење на наносот од коритата, обновување и одржување на крајбрежната вегетација и уредување на поројните водотеци по ободот на Струшко Поле.

Планскиот опфат на селото Мислешево се граничи со каналот за одводнување на Струшко Поле. При изработката на планската документација дефинирањето на границите на планскиот опфат на селото да постапи согласно Законот за води.

4.6. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИ РЕСУРСИ И ЗАШТИТЕНИ ЕКОСИСТЕМИ

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и опШтествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална опШтествено-економска рационалност и оправданост со што Ќе се постигнат
следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните поврШини во непродуктивни цели
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на оработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

За оптимално искористување на еколошките и други услови, се предлага
да се користи реонизацијата според која Република Македонија е поделена во 6 земјоделско-стопански реони и 54 микрореони. **Предметниот локалитет припаѓа на Големоезерскиот реон кој е поделен на 3 микрореони.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето

и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиШте, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиШтето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација, односно проект за инфраструктура предвидени согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање се зафаќаат нови земјоделски поврШини, надлежниот орган за одобрување на планската програма за урбанистички план, државна и локална урбанистичко планска документација, односно за одобрување на проектот за инфраструктура, пред одобрување на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

5. ПОДАТОЦИ ЗА СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ И ЧИНИТЕЛИ КОИ ЈА СИНТЕТИЗИРААТ СОСТОЈБАТА НА НАЧИНОТ НА ЧОВЕКОВАТА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

За целосно согледување на постојната состојба извршено е детално истражување по пат на директен увид на лице место-теренска работа и направена е детална анализа на добиените податоци.

5.1. ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според податоците од Пописот на населението , домаќинствата и становите спроведени во 2002 година, во општина Струга на која што припаѓа село Мислешево регистрирани се вкупно 63,376 жители, додека само во селото Мислешево живеат вкупно 3507 жители.

Во рамките на границите на проектниот опфат земјиштето е неизградено, односно нема постојани жители и корисници.

5.2. ЕКОНОМСКИ И СТОПАНСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1787/1, КО Мислешево, Општина Струга е неизградено земјиште, со економски потенцијал имајќи ги во предвид локацијата, местоположбата и друго.

Проектниот опфат зафаќа површина од 3795.94 m², односно 0.37 ha.

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужните дејности во „Просторниот план на Република Македонија" се темели на дефинираните цели на економски развој во „Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развој, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејност.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположливоста на факторите, економските состојби и економската позиција на државата

во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за Општината на чиј простор се наоѓа проектниот опфат, се две развојни оски: „Северната развојна оска" и „Јужната развојна оска". „Северната" оска е формирана по Втората светска војна во северниот и западниот дел од државата и ги поврзува градовите: Струга – Охрид – Кичево – Гостивар – Тетово – Скопје – Куманово – Крива Паланка. Оваа оска продолжува на исток кон Ќустендил – Р. Бугарија и на запад кон Елбасан - Р. Албанија.

„Јужната оска" иако ретко спомнувана, постои и ги поврзува градовите: Струга – Охрид – Ресен – Битола – Прилеп – Кавадарци – Неготино – Штип – Кочани – Делчево и продолжува кон Благоевград во Р.Бугарија. На запад продолжува кон Елбасан – Р.Албанија. Нема големи изгледи да стане меѓународна, но внатре во земјата таа поврзува значајни полови на развој.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградба на далекуводи, гасоводи итн, со што се создаваат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

Организацијата, намената и функциите на производните и услужни дејности во просторот на Охридско-Преспанскиот регион треба да се темели на новиот пристап на плански развој поставен врз принципите на одржлив развој со што примарен станува квалитетот на животното опкружување, односно повнимателен однос спрема природните, културните и создадените ресурси. Врз овие основи, поттикнување на економскиот и севкупен развој на Регионот, може да се оствари со селективна алокација на иневстициите, подобра сообраќајна поврзаност, со комунално опремување и изградба на објекти на општествен стандард, со даночна и кредитна политика, со политика на зголемување на инвестициите итн. Примат во Планираниот развој на вкупната економија на регионот треба да добие и разместеноста на економските дејности во наска на порамномерен развој и алокација на стопанските активности со цел поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја и пограничните населени простори.

При спроведување на стратегијата за организација и користење на просторот за економски активности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развој.

5.3.СООБРАЌАЈНИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Според Просторниот план на Република Македонија, автопатска и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- Е-850 што се поклопува со делови од магистралните патишта М-4– (АЛ – ќафаСан- Струга – Требеништа – Е-65) – дел од коридорот за патен сообраќај во насока запад - исток
- М-4 – (АЛ – ГП ќафаСан – Струга – Кичево – Скопје – Миладиновци – М-1).

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта („Службен весник на Република Македонија" број 133/11, 150/11 и 20/12) овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- А2 – (Граница со Бугарија - ГП Деве Баир - Крива Паланка – Страцин – Романовце – Куманово – Миладиновце – обиколница Скопје – Тетово – Гостивар – Кичево – Требениште – Струга – граница со Албанија – ГП ќафа Сан).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002-2020г.), влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:

- Р420 – (Охрид – врска со 501 – Подмоље – Струга - Радожда – гр. со Р.Албанија).

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник на РМ бр. 133/11, 150/11 и 20/12) овој регионален патен правец влегува во групата на регионални патишта "Р1" и се преименува со ознаката:

- Р1208 – (Охрид – врска со Р1301 – Подмоље – врска со А3 - Струга - Радожда).

При планирањето да е почитува Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија" број 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16).

6. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ЗЕЛЕНИЛОТО ВО ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Во рамки на границите на проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 – викенд куќи и други објекти за времено сместување на КП 1787/1, КО Мислешево, Општина Струга земјиштето од 3795.94 m², односно 0.37 ha.е неизградено.

БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	КАТНОСТ	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА	КЛАСА НА НАМЕНА	ЗАБЕЛЕШКА
1787/1	3795,95m2	0,00m2	/	0,00m2	0,0%	0,00	/	Н3	/
Вкупно:	3795,95m2	0,00m2	/	0,00m2	0,0%	0,00	/	Н3	/

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 - Викенд куќи иу други куќи за времено сместување на КП 1787/1 КО Мислешево, Општина Струга			
	КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА**	**ПРОЦЕНТ**
	НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	3622,26 m²	95,42%
	Е1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	173,69 m²	4,58%
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ		**3795,95 m²**	**100,00%**

7. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИ СО РЕЖИМ НА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ПОСТОЈНИ СПОМЕНИЧКИ ЦЕЛИНИ, КУЛТУРНИ ПРЕДЕЛИ И ДРУГО

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територијата на нашата држава, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Охридско-преспанското подрачје изобилува со исклучително богати слоеви од културно наследство, напластени од најдалечното минато, праисториски населби, споменици од античкиот и византискиот период, бројни цркви и манастири од средновековието, богатство на локални традиции, обичаи, архитектура и уметнички дела.

Подрачјето кое е предмет на анализа припаѓа на охридскиот регион и според Просторниот план на Охридско – преспанскиот регион, а врз база на заштитно – конзерваторски основи, утврдено е значајно културно наследство:

КО Мислешево

- Незаштитенио арехеолошки локалитети кои треба да бидат валоризирани во поединечни споменични добра

1. Арх. Лок. "Пречиста", с. Мислешево, црква и некропола.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се локалитети:

- КО Мислешево – Пречиста, средовековна црква и некропола, се наоѓа североисточно од училиштето и во непосредна близина на локалитетот Св. Климент, средовековна црква и некропола, се наоѓа н аоколку 1 км североисточно од училиштето;

Доколку при изведување на земјените работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатци од културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита на културното наследство – „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

8. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНАТА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА: СООБРАЌАЈНИТЕ, ЕЛЕКТРИЧНИТЕ, КАНАЛИЗАЦИСКИТЕ, ВОДОВОДНИТЕ, ПОШТЕНСКИТЕ, ГАСОВОДНИТЕ, ТОПЛОВОДНИТЕ, ТЕЛЕФОНСКИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ

Во планскиот опфат присутна е електроинфраструктура во сопственост **на ЕВН Електродистрибуција**. Во постојната состојба, во рамки на планскиот опфат или во непосредна околина немаат податоци за изведена трафостаница. Во рамки на опфатот има изведена надземена мрежа 10(20)kV и столб за истата, означена со полна плава линија, како и надземена мрежа 0,4kV и столб за истата, означена со полна тиркизна линија за коишто имаме добиено информации од **ЕВН со бр.10-25/7-309 од 24.08.2023**.

Согласно допис од **АД ЕСМ , подружница ХЕЦ „ЦРН ДРИМ" со бр. 08-902/20 од 11.09.2023г.**, во предметниот проектен опфат не располага со податоци и информации поврзани со надлежност на АД ЕСМ за постојни и планирани инсталациски објекти.

Согласно допис од **АД Мепсо**, **број 11-5198/1 од 01.09.2023**, предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

Согласно допис од **Агенција за електронски комуникации (АЕК)**, **број 1404-1666/2 од 27.09.2023**, во предметниот плански опфат нема изградени јавни изградени електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно допис од **Македонски Телеком АД Скопје**, **број 54964 од 31.08.2023**, во границите на предметниот плански опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно допис од **ЈП Водовод и Канализација – Струга**, **број 09-683/2 од 25.09.2023г.** , доставена е ситуација со внесена постоечка водоводна инсталација.

9. АНАЛИЗА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ

Од претходните анализи може да се заклучи дека преовладуваат погодностите наспроти ограничувањата за на овој простор да се организира функционална урбанистичка целина со намена **А4.3 – Виќенд куќи и други објекти за времено сместување**.

При планирањето на просторот, потребно е да се овозможи солиден стандард во однос на квалитетот на градбата, функционалноста, обликовните квалитети и инфраструктурната опслуженост на локалитетот, како и да се обезбеди негово квалитетно сообраќајно поврзување со околната патна мрежа, во согласност со важечките прописи и современите практики од областа на урбанизмот.

НУМЕРИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	КАТНОСТ	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА	КЛАСА НА НАМЕНА	ЗАБЕЛЕШКА
1787/1	3795,95m2	0,00m2	/	0,00m2	0,0%	0,00	/	Н3	/
Вкупно:	3795,95m2	0,00m2	/	0,00m2	0,0%	0,00	/	Н3	/

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 - Викенд куќи иу други куќи за времено сместување на КП 1787/1 КО Мислешево, Општина Струга			
	КЛАСА НА НАМЕНА	**ПОВРШИНА**	**ПРОЦЕНТ**
	Н3 - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	3622,26 m²	95,42%
	Е1 - СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА	173,69 m²	4,58%
ВКУПНО ЦЕЛ ПЛАНСКИ ОПФАТ		**3795,95 m²**	**100,00%**

ГРАФИЧКИ ДЕЛ – ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=0.33768 ха

„А" ПАТИШТА - А2 - Требениште - Струга - граница со Албанија (ГП Ќафасан)

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 1787/1, КО МИСЛЕШЕВО

ОПШТИНА СТРУГА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ЛИЦЕНЦА БР: 0105

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **МЕЛИЈА МЕРКО**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено смесување на КП 1787/1, КО Мислешево, **ОПШТИНА СТРУГА**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
ПОШИРОКО ОПКРУЖУВАЊЕ

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
ВИКТОРИЈА АЛАЧ КИПРО
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0528

СОРАБОТНИЦИ
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА, дипл.инж.арх.
ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА ГИГОВ, дипл.инж.арх.
ЕМИЛИЈА ЛИЛИФАНОВА, дипл.инж.арх.
СНЕЖАНА НЕЛОСКА, дипл.инж.арх.

УПРАВИТЕЛ: **БОЖО ИЛОСКИ**	РАЗМЕР: P = 1 : 1250
Технички број: 63/23 Проекти 2023	ДАТА: **СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ, 2024**
	ЛИСТ БРОЈ: 2



ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=0.33768 ха

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 1787/1, КО МИСЛЕШЕВО

ОПШТИНА СТРУГА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ЛИЦЕНЦА БР: 0105

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **МЕЛИЈА МЕРКО**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено смесување на КП 1787/1, КО Мислешево, **ОПШТИНА СТРУГА**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

САТЕЛИТСКА СНИМКА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК

ВИКТОРИЈА АЛАЧ КИПРО
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0528

СОРАБОТНИЦИ

ЕЛЕНА АНДРЕЕВА, дипл.инж.арх.
ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА ГИГОВ, дипл.инж.арх.
ЕМИЛИЈА ЛИЛИФАНОВА, дипл.инж.арх.
СНЕЖАНА НЕЛОСКА, дипл.инж.арх.

УПРАВИТЕЛ: **БОЖО ИЛОСКИ**

РАЗМЕР: P = 1 : 2000

Технички број: 63/23
Проекти 2023


ДАТА: СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ, 2024

ЛИСТ БРОЈ: 3

ГЕОЛИС ДООЕЛ
увоз-извоз Струга

СКИЦА НА ПРЕМЕРУВАЊЕ

Размер 1:1000



ЛЕГЕНДА:

- Опфат
- Не асфалтиран пат
- Катастарски граници
- Фактичка состојба на поставените огради
- Падни лини
- Канал
- Жичана Ограда
- Осветлување - канделабри
- Ел. бандера - дрвен
- 694.30 Детална точка со кота на терен

Изготвил:

М.П. _____

ЛЕГЕНДА


ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=0.33768 ха

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СО НАМЕНА А4.3 - ВИКЕНД КУЌИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ ЗА ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ НА КП 1787/1, КО МИСЛЕШЕВО

ОПШТИНА СТРУГА

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА



ЛИЦЕНЦА БР: 0105

ИНСТИТУТ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЕКОЛОГИЈА

НАРАЧАТЕЛ: **МЕЛИЈА МЕРКО**

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена А4.3 - Викенд куќи и други објекти за времено смесување на КП 1787/1, КО Мислешево, **ОПШТИНА СТРУГА**

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

ПЛАНЕР ПОТПИСНИК
ВИКТОРИЈА АЛАЧ КИПРО
дипл. инж. арх.,
ОВЛАСТУВАЊЕ БР. 0.0528

СОРАБОТНИЦИ
ЕЛЕНА АНДРЕЕВА, дипл.инж.арх.
ЕЛЕНА ДРАКУЛОВСКА ГИГОВ, дипл.инж.арх.
ЕМИЛИЈА ЛИЛИФАНОВА, дипл.инж.арх.
СНЕЖАНА НЕЛОСКА, дипл.инж.арх.

УПРАВИТЕЛ: **БОЖО ИЛОСКИ**		РАЗМЕР: Р = 1 : 500
Технички број: 63/23	ДАТА: **СКОПЈЕ, ЈАНУАРИ, 2024**	ЛИСТ БРОЈ: 4
Проекти 2023		